Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-201/5
08.10.2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-201/1 од 30.07.2021 година поднесена од полномошник - адвокат [redacted] од Скопје за [redacted] од Скопје против ЈЗУ Универзитетска клиника за Гинекологија и Акушерство - Скопје, за сторена индиректна дискриминација во управна постапка во делокруг на работа на ЈЗУУ ГАК - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 08.10.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност сторена од ЈЗУ Универзитетска клиника за Гинекологија и Акушерство – Скопје, во управната постапка во делокруг на работењето на клиниката кон вработената [redacted]

## Образложение

На 30.07.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од полномошник - адвокат [redacted] од Скопје за [redacted] од Скопје против ЈЗУ Универзитетска клиника за Гинекологија и Акушерство - Скопје, за сторена индиректна дискриминација во управна постапка во делокруг на работа на ЈЗУУ ГАК – Скопје врз основа на етничка припадност.

Согласно наводите од претставката, на ноќта помеѓу 05.03.2021 према 06.03.2021 [redacted] вработена во ЈЗУУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, била физички нападната на своето работно место, при извршување на работните задачи во текот на третата смена од страна на Специјализант Др. [redacted]. Лицето [redacted] била примена како итен случај во ЈЗУ Клиника ТОАРИЛУЦ, каде по извршениот преглед и се утврдени телесни повреди здобиени како резултат на претрпен физички напад на работно место. Исто така, Државниот инспекторат за труд извршил увид врз основа на поднесено Известување за несреќа при работа од ЈЗУ Клиника за Гинекологија и акушерство – Скопје, за настанатата повреда при работа. По извршениот увид, донесен е Записник за констатирана состојба за настанатата повреда на работно место од Државниот инспекторат за труд. Согласно приложените докази, лицето [redacted] била привремено спречена за работа поради настанатата повреда.

Право да поднесе Барање за утврдување на право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа до Фондот за здравствено осигурување доставува работодавачот или самиот осигуреник. Како работодавач ГАК има поднесено барање до ФЗО за утврдување на тоа право. Врз основа на барањето, ФЗО донел Решение за


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

утврдување на право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест/нега на член на семејство под УП - 1 бр. 20 - 4592.
Подносителката на оваа претставката, незадоволна од Решението преку својот полномошник поднела Жалба во управна постапка и Претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со тврдење дека правото на надоместок за време на привремена спреченост за работа и е ускратено. Со ускратувањето на тоа право, подносителката смета дека е ставена во неповолна положба поради различна етничка припадност во споредба со други колеги и лица што работат на клиниката.

Имајќи ги предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 23, став 3, ја достави претставката за произнесување до потенцијалниот дискриминатор ГАК, на ден 26.08.2021 година. Комисијата доби одговор на претставката на ден 01.09.2021 година, во која потенцијалниот дискриминатор се произнесе по наводите од претставката и во прилог ги достави следниве докази:

- Записник од страна на Министерството за труд и социјална политика (Државен инспекторат за труд);
- Мислењето од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, подрачна служба Скопје;
- Прифатена декларација за прием од ден 30.07.2021 година, со број 16085725 за месец 03/2021 и декларација за прием од ден 30.07.2021 година, со број 16085735 за месец 04/2021 година од страна на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија.

Врз основа на тврдењата изнесени во одговорот на претставката, од приложената декларација за прием и списокот на доставени налози, Комисијата заклучи дека е извршена исплата на надоместок на плата за привремена спреченост за работа, на подносителката на претставката [redacted]. Од доставените докази видно е дека на ден 01.07.2021 во ЈЗУУ ГАК е пристигнат записник од страна на Државниот инспекторат за труд, а на ден 22.07.2021 е пристигнато и мислење од ФЗОМ, подрачна единица Скопје. Бидејќи согласно мислењето боледувањето се признава како повреда во работно време на подносителката на ден 30.07.2021 и е извршена корекција на плата, за што потенцијалниот дискриминатор достави прифатени декларации за прием на ден 30.07.2021 од страна на Управата за јавни приходи.

Земајќи ја предвид законската дефиниција за индиректна дискриминација од чл.8 ст.2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни. “*

Комисијата утврди дека со извршената исплата на надоместок на плата за привремена спреченост за работа и корекцијата на платата, работодавачот ја извршил својата законска обврска, нема докази кои укажуваат на тоа дека е извршена индиректна дискриминација по основ на етничка припадност врз лицето [redacted] и Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
08.10.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- [redacted]
- ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје, ул. Мајка Тереза бр. 17 Скопје